Асоцијацијата за економско истражување, застапување и донесување економски политики Finance Think, Скопје во соработка со Здружението „Крушевска жена“и финансиска поддршка од Американската амбасада во Скопје, објавува:

**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА**

Обуката е во времетраење од два дена (еден викенд) и опфаќа:

- Развој на алтернативни туристички атракции;
- Зголемување на претприемачките вештини;
- Зголемување на вештините за промоција и презентација

Обуката е бесплатна.

**Услови за учество:**

Жени од општина Крушево, кои се ентузијасти и имаат желба своите вештини за производство на локални, домашни, традиционални, еколошки производи карактеристични за Крушево да ги претворат во алтернативни туристички дестинации. Во оваа група спаѓаат:

- Собирање шумски плодови и чаеви;
- Производство на традиционални месени производи (крушевска пита, питулици, традиционални слатки, кори, тарана и други локални специјалитети);
- Везење и плетење;
- Други еколошки и традиционални производи и вештини кои може да се развијат во алтернативни туристички дестинации;

Предност во селекцијата ќе имаат невработени жени и жени со месечен приход под 10.000 денари.

**Користи од учеството:**

После обуката, учесничките ќе добијат:

- Развиени алтернативни туристички атракции;
- Промоција на туристичките атракции;
- Поврзување со потенцијалните туристи преку различни форми;
- Учество на саем за домашни, традиционални и еколошки производи.
- Менторство и соработка со тимот на Finance Think;

**Поднесување на апликација**

Заинтересираните кандидатки може да ја доставаат апликацијата најдоцна до 20 ноември на следните места:

- Адреса: Финанце Тхинк, Ул. Фредерик Шопен 1/2, Скопје;
- Email: blagica.petreski@financethink.mk
- Кутија за апликаци во кафе-бар Скар;
- Кутија за апликации во туристичко биро Крушево;

Апликациите може да ги најдете во кафе-бар Скар, туристичко биро Крушево, веб страна www.financethink.mk.